**„Влијанието на владините субвенции за странските директни инвестиции, наспроти нивниот ефект врз економскиот раст’’**

Времетраење на проектот: Јануари 2015 – Април 2016

Општата цел на овој проект е зголемување на транспарентноста на владиното трошење во форма на субвенции за странските директни инвестиции. Со реализација на активностите предвидени се следниве краткорочни цели: Обезбедување на точна и прецизна информација за висината и ефектот на владините субвенции за СДИ; Идентификување на мислењето на јавноста за политиките на Владата за поддршка на СДИ наспроти поддршката за локалните бизниси; Креирање на одржливи и ефективни јавни политики за изедначување на финансиската поддршка од страна на Владата за инвестициите независно од нивното географско потекло; Обезбедување на релевантни податоци за работата на Агенцијата за привлекување на странски директни инвестиции преку постојан мониторинг на нејзините активности; Зголемена информираност на пошироката јавност и бизнис заедницата за владината поддршка за СДИ.

Здружението на млади аналитичари и истражувачи (ЗМАИ) организира трибина во Штип на тема „Ефектот на странските директни инвестиции во технолошко-индустриските развојни зони врз македонската економија“, во рамките на проектот „Влијанието на владините субвенции за странските директни инвестиции, наспроти нивниот ефект врз економскиот раст’’. Трибината има за цел да се изнесат јавни размислувања и заклучоци на релевантни говорници за странските директни инвестиции, со што би се помогнало во креирање на подобри јавни политики во државата кои би биле во прилог на локалната заедница. Проектот е поддржан од Проектот на УСАИД за граѓанско општество спроведуван од Фондацијата Отворено општество – Македонија. Чест и задоволство ни е да Ве поканиме да бидете присуствувате на оваа трибина која ќе се одржи на 3 - ти декември 2015 во Бизнис салата на хотел „Оаза“, Штип со почеток во 12:00 часот,

Линк до видео снимка од трибината: ЗМАИ - Проект на USAID за граѓанско опшетство

https://www.youtube.com/watch?v=cdbAtdqJI28

Слики од настанот:










